Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 став 1 точка 16 и член 43 од Законот за енергетика енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16) и член 45 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр.143/11, 78/13, 33/15 и 207/16), постапувајќи по Барањето УП1 бр.07-104/15 од 16.05.2017 година на Трговското друштво за производство на електрична енергија ПЕЛАГОНИЈА ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Логоварди Битола, со седиште на ул.1 бр.3 Логоварди Битола, за менување на лиценца за вршење на енергетска дејност ппроизводство на електрична енергија, на седницата одржана на 18.07.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА МЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Во Одлуката за влегување во сила на лиценца за вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија, УП1 бр.07-104/15 од 06.07.2016 година, изменета со Одлуката УП1 бр.07-104/15 од 25.11.2016 година на Трговското друштво за производство на електрична енергија ПЕЛАГОНИЈА ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Логоварди Битола, со седиште на ул.1 бр.3 Логоварди Битола („Службен весник на Република Македонија“ бр. 127/16 и 210/16), во точка 1 сврзникот “и” пред зборовите “втора фаза од 1MW” се заменува со запирка, а по зборовите “втора фаза од 1MW” се додаваат зборовите “и трета фаза од 1MW”.

2. Во Прилог 1, во точка 3 евидентниот број се менува и гласи:
   “ЕЕ - 260.01.1/15, 2/16, 2/17”

3. Во Прилог 2:
   - во насловот сврзникот “и” пред зборовите “втора фаза од 1MW” се заменува со запирка, а по зборовите “втора фаза од 1MW” се додаваат зборовите “и трета фаза од 1MW”,
   - во алинеја 1 зборот “два” се заменува со зборот “три”,
   - во алинеја 3, во потточка 3 зборот “два” се заменува со зборот “три”.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија”.

**О б р а з л о ж е н и е**

Трговското друштво за производство на електрична енергија ПЕЛАГОНИЈА ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Логоварди Битола, согласно член 45 став 1 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на Република Македонија“, бр. 143/11, 78/13, 33/15 и 207/16) (во понатамошниот текст: Правилник), на ден 16.05.2017 година достави до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија Барање за менување на лиценцата за производство на електрична енергија УП1 бр.07-104/15. Барателот има направено измена во техничко - технолошкиот процес на биогасната електроцентрала, односно ставена е во употреба и трета генераторска единица, со што ја зголемува инсталираната моќност на централата „Породин“.

По доставеното барање за менување на лиценцата за БГЦ „Породин“ Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија постапи согласно член 45 став 2 и 3 од Правилникот и изготви Заклучок за отпочнување на постапката за менување на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија УП1 бр.07-104/15 од 23.05.2017 година. Во Заклучокот Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија го извести Барателот за потребната документација која треба да ја достави во постапката за менување на лиценцата.

На 23.05.2017 година Барателот достави документација за менување на лиценца УП1 бр. 07-104/15 како и Одобрение за употреба 27 Уп. - 98/17Е од 20.04.2017 година за третата фаза на биогасната централа „Породин“, со вградување на трета генераторска единица со моќност 1MW, со правосилност од 06.05.2017 година. Во приложената документација недостасуваше документ за мерна опрема, со која мерните инструменти ќе можат да регистрираат моќност до 3MW.

Барателот достави документ за мерна опрема на 18.07.2017 година. На тој начин во целост ја докомплетира документацијата потребна за менување на лиценцата ЕЕ - 260.01.1/15, 2/16.

Врз основа на член 22 став 1, алинеја 16, од Законот за енергетика и член 28 став 1 од Правилникот, Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на ден 18.07.2017 година, одржа главна седница и донесе Одлука за менување и дополнување на одлуката за влегување во сила на лиценца за вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија, на Трговското друштво за производство на електрична енергија ПЕЛАГОНИЈА ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Логоварди Битола УП1 бр.07-104/15 од 18.07.2017 година.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Комисијата за решавање на жалби од областа на енергетиката, во рок од 15 дена од денот на приемот.

**УП1 Бр. 07-104/15**
**18.07.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Димитар Петров**